## МАЛТА за Нова Година 2025

**ПРОГРАМА НА ПАТУВАЊЕТО**: 5 дена / 4 ноќевања

30. Декември (понеделник) СКОПЈЕ – МАЛТА

Состанок на групата на скопскиот аеродром во 15:10 часот. Лет за Малта W6 7765 во 17:10ч. Пристигнување на Малта во 19:00 часот. Трансфер до хотел. Слободно време за индивидуални активности и прошетки. Вечера. Ноќевање.

31. Декември (вторник) МАЛТА (Валета и Мдина)

Појадок. Организиран целодневен излет во градовите Валета и Мдина. Заминување кон Валета, кој е познат и како “Град изграден од џентламени за џентламени”. Овој град на барокот денеска е дом на безброј музеи, вклучувајќи ги, Археолошкиот музеј, Музејот на современа уметност, како и на многубројни продавници, маркети, бутици...Во присуство на локален водич се посетуваат следните места: “Upper Barraca Gardens” од каде што се пружа прекрасна панорама на големиот залив, Катедралата “St.John”, украсена со богатсвото кое датира од времето на Витезите на Малта, вклучувајќи го и познатото сликарство на Caravaggio. Претседателската палата, позната како “Grand Master’s Palace”, украсена со портрети на големите европски монарси, Малтешки претседатели... уникатни гобленски таписерии, и фрески кои ја отсликуваат Големата Опсада. Патувањето продолжува кон Мдина, првата престолнина на Малта позната како “Тивкиот Град”. Интригантните тесни и криви улици со стари и раскошни лампи го прави овој град спектакуларен навечер. Смирен и тивок се придавките кои ја кријат вистината за неговот име. Ѕидините на Мдина датираат од 1090г, на главниот плоштад стои барокна катедрала, во Мдина се наоѓаат и катакомбите St.Paul, подземни римски гробишта, кои се користеле се до 4 век. Мозаиците во Domus Romana или Римската Вила кои датираат од 1 век п.н.е се одлична илустрација на Хеленската сликовита култура. Враќање во хотел. Вечерта дочек на Новата 2025 година. Ноќевање.

01. Јануари (среда) МАЛТА (Трите града)

Појадок. Факултативен излет до Трите града (Сенглеа, Коспикуа и Виториоса (Бургу)) Ова патување започнуива со панорамски разглед кое ќе не однесе до нашата последна станица; Биргу (Виториоза) каде што витезите го поставиле своето седиште по нивното пристигнување во Малта во 1530 година. Посетата ја вклучува импозантната црква Свети Лоренс и Палатата на инквизиторот. Нашата прошетка потоа ќе не однесе до брегот на Виториоза каде што може да се восхитуваме извонреден панорамски поглед на „Трите града“ и неговите одбранбени линии. Овие градови  се познат по својата архитектура, локалните пазари, малите улични кафеани и уникатните фестивали, за вистинско автентично малтешко искуство. Враќање во хотел. Ноќевање.

02. Јануари (четврток)  МАЛТА (Островот Гозо)

Појадок. Факултативен излет на островот Гозо. Пристигнување во Чиркева сместен во најзападниот дел на островот, и потоа со фери – брод заминување кон Гозо островот – сестра на Малта. Во присуство на локален водич се посетуваат следните места: Qala Belveder од каде што ќе бидете сведоци на прекрасниот поглед кон Гозо, Комино и Малта заедно. Главниот град Викториа кој го добил името по нејзиното височество кралицата Викториа. Рибарското гратче Xlendi, храмот Ggantija е еден од најстарите и најдобро зачуваните меѓу Малтешките острови, прошетка по карпестата околина на Двејра. Враќање во хотел. Ноќевање.

03. Јануари (петок) МАЛТА - СКОПЈЕ

Појадок. Напуштање на хотелот. Слободно време за индивидуални активности и прошетки. 17:00 трансфер до аеродромот во Малта. Лет за Скопје W6 7766 во 19:35ч. Пристигнување во Скопје во 21:20 часот.

Цена на аранжманот:

Standard пакет = 479 € (29.698,00 мкд) со вклучени 2 разгледи (Валета и Мдина)

*Superior пакет = 589 € (34.658,00 мкд) со вклучени 4 разгледи (Валета, Мдина, Трите града и островот Гозо)

Во цената на аранжманот е вклучено:

- Авионски превоз: Скопје – Малта – Скопје
- Рачна торба или ранец (40x30x20cm)
- Организирани трансфери во Малта: аеродром - хотел - аеродром
- Сместување во хотел Topaz ***, 4 ноќевања со појадок
- Организиран разглед на Валета и Мдина
- Организација на аранжманот и придружник на патувањето

Во цената на аранжманот не е вклучено:

- Факулативни излети и посети:

* Посета на Трите града 50€

* Посета на островот Гозо 80€

- Патничко здравствено осигурување
- Еко такса 0,5€ по лице од ден, се плаќа на рецепција во хотелот
- Доплата за 1/1 соба 70 €

- Индивидуални трошоци кои не се наведени во програмата, влезници за културно-историските спомениците

НАПОМЕНА:

- За реализација на аранжманот, потребен е минимум од 20 патници.
- За патување потребено е да се поседува валиден биометриски пасош со важност најмалку 3 месеци.
- Можни се промени во редоследот на програмата во зависност на работното време на објектите за посета.
- За овој аранжман важат Општите услови за патување на СКТМ
- Организатор на патувањето е Т.А. Терра Травел Скај